ЈП “ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО” – КУМАНОВО
NP PASTRIMI DHE GJELBËRIMI – KUMANOVË

Јавно Претпријатие ЧИСТОТА и ЗЕЛЕНИЛО
Ndermarrja Publike PASTRIMI DHE GJELBERIMI
Бр.Nr: 02-1246/7
16 12 20 25 год.viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

# ИЗВЕШТАЈ
за
ДЕЛОВНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ
на
ЈП “ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО” – КУМАНОВО
NP PASTRIMI DHE GJELBËRIMI – KUMANOVË
за период Јули - Септември 2025 година

Адреса: Братство единство 30 Куманово
Телефон: 031 511-989; Тел/фах: 031 511-728
e-mail: cistots@t.mk

# 1. ВОВЕД

ЈП “Чистота и зеленило” Куманово е основано со акт на Собранието на општина Куманово и е запишано во трговскиот регистар при Основен суд Скопје 1 во Скопје, со решение Трег.број 206/98 од 18.02.1998 година, согласно член 1,2 и 3 од Законот за јавни претпријатија.

ЈП “Чистота и зеленило” Куманово е основано со Одлука на самоуправни органи при расформирање на Заводот за Урбанизам, комунално стамбени работи и проектирање Куманово бр. 02-667 од 02.12.1974 година.

Јавното претпријатие се основа заради вршење дејност од јавен интерес а кое е незаменлив услов за живот и работа на граѓаните и правните субјекти на територија на општина Куманово.

Во јавното претпријатие службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо е и јазикот и писмото кои го користат 20% од жителите на општината во конкретен случај албанскиот јазик и неговото писмо.

Седиштето на јавното претрпијатие е во Куманово, ул. Братство единство 30. Јавното претпријатие има својство на правно лице. Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка и за обврските одговара со целиот свој имот со кој располага.

***ДЕЈНОСТ***

ЈП “Чистота и зеленило” врши дејност согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот и Националната класификација на дејности со следните називи на дејности:

Регистрирани дејности на јавното претпријатие се:

- 01.11 Одгледување на жита (освен ориз), мешункасти растенија и маслодајно семе
- 01.28 Одгледување на зачински, арматични и лековити растенија за употреба во фармацијата
- 01.64 Доработка на семе
- 02.30 Собирање на шумски плодови и производи, освен дрва
- 38.110 Собирање на безопасен отпад
- 38.21 Обработка и отсранување на безопасен отпад
- 38.32 Обновување на посебно издвоени материјали
- 42.11 Изградба на патишта и автопати
- 46.22 Трговија на големо со цвеќе и садници
- 46.77 Трговија на големо со цвеќе, садници, семе, ѓубриво, домашни миленици и храна за нив во специјализирани продавници

- 47.76 Трговија на мало со цвеќе, садници, семе, ѓубриво, домашни миленици и храна за нив во специјализирани продавници
- 96.03 Погребни и слични дејности
- Други дејности регистрирани во надворешно трговскиот промет

Според Решението од Државниот завод за статистика на Република Македонија, претежна дејност на јавното претпријатие е шифра 38.110 - Собирање на безопасен отпад

## *ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ*

- Во рамките на ЈП "Чистота и зеленило" согласно Статутот функционираат Сектори, Оддели и одделенија.

Внатрешната организација на јавното претпријатие се уредува со посебен акт Правилник за систематизација на работни места.

Во рамките на претпријатиeто функционираат и осум подружници

На ден 30.09.2025 година во претпријатиеот има вработено 290 работници во редовен работен однос.

Јавното претпријатие активностите ги извршува преку следните сметки на ниво на правно лице:

| ОПИС | Жиро сметка | Депонентна банка |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 290-1000063171-71 | ТТК банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 240-1400008545-92 | УНИ банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 300-0900000057-06 | Комерцијална банка –Скопје |
| Денарска сметка | 250-0070000693-25 | Шпаркасе банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 200-0009890743-63 | Стопанска банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 320-0000050402-18 | Централна кооперативна банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 270-0402870801-15 | Халк банка АД Скопје |
| Девизна сметка | 7191000-41428708/120 | Халк банка АД Скопје |

Овластен потписник на финансиските документи е законскиот застапник ВД Директор Ненад Стојановски.

Од 24.11.2025 година законски застапник на претпријатието е ВД Директорот Сашо Томиќ.

Извори на средства за работа и развој на јавното претпријатие согласно Законот за комунални дејности се обезбедуваат од приходите кои ги остварува со сопствено работење, средствата од Буџетот на Општината и други извори на средства утврдени со Закон.

Основачкиот влог на јавното претпријатие изнесува 3.000.000 денари

***ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ***

Органи на управување во јавното претпријатие согласно Статутот донесен на седницата одржана на 12.10.1997 година се:

1. Управен одбор
2. Одбор за контрола на материјално – финансиското работење
3. Директор
4. Совет на вработени и
5. Други органи и тела

Управниот одбор на јавното претпријатие на седницата одржана на 19.03.2007 година донел нов Статут на јавното претпријатие при што органи на управување се:

1. Управен одбор
2. Надзорен одбор за вршење контрола на материјално финансиското работење
3. Директор

ДЕЛОВНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

1. Остварени деловни резултати (БИЛАНС НА УСПЕХ)

Од Билансот на успех може да се види дека во третото тромесечие од деловната 2025 година Јавното претпријатие како резултат на остварени поголеми расходи во однос на остварени приходи оствари загуба пред оданочување во износ од 5.316.548 денари.

Остварените приходи во третото тромесечие од 2025 година во однос на истиот период од 2024 година се зголемени за 5.51%. Расходите во третото тромесечие од 2025 година во однос на истиот период од 2024 година се зголемени за 7.85%. Во продолжение следи Биланс на успех

| ОПИС | Остварено 2024 | Остварено 2025 | Стр. 2024 | Стр. 2025 |
|---|---|---|---|---|
| **А. ПРИХОДИ** | **57,050,496** | **60,192,156** | **100.00** | **100.00** |
| 1 Приходи од продажба | 51,462,304 | 54,412,653 | 90.20 | 90.40 |
| 2 Останати деловни приходи | 5,099,402 | 5,255,172 | 8.94 | 8.73 |
| 3 Приходи по основ на камати | 488,790 | 524,331 | 0.86 | 0.87 |
| **Б. РАСХОДИ** | **60,738,511** | **65,508,704** | **100.00** | **100.00** |
| 1 Материјални трошоци | 9,829,022 | 7,114,746 | 16.18 | 10.86 |
| 2 Трошоци за вработени | 38,465,579 | 41,727,227 | 63.33 | 63.70 |
| 3 Амортизација | 4,429,979 | 4,548,520 | 7.29 | 6.94 |
| 4 Вредносно усогл.на кратк.средс. | 0 | 0 | 0.00 | 0.00 |
| 5 Останати трошоци на работење | 7,767,798 | 10,540,871 | 12.79 | 16.09 |
| 6 Расходи по основ на камата | 246,133 | 1,577,340 | 0.41 | 2.41 |
| **В. Добивка/загуба пред оданочување** | **-3,688,015** | **-5,316,548** | | |
| **Г. Даноци од добивка** | | | | |
| **Д. Добивка/загуба по оданочување** | **-3,688,015** | **-5,316,548** | | |
| **Е. Добивка/загуба за финансиска година** | **-3,688,015** | **-5,316,548** | | |

## 1.1 ПРИХОДИ

Од приложениот биланс на успех може да се констатира дека вкупниот приход остварен во третото тромесечие од 2025 година во износ од 60.192.156 денари спореден со приходот во истиот период од 2024 година во износ од 57.050.496 денари покажува зголемување од 5.51 процентни поени.

Приходот остварен во третото тромесечие од 2025 година е по следнива основи:

| ОПИС | Остварено 2024 | Остварено 2025 | Процент |
|---|---|---|---|
| **А. ПРИХОДИ** | **57,050,496** | **60,192,156** | **105.51** |
| 1 Приходи од продажба | 51,462,304 | 54,412,653 | **105.73** |
| 2 Останати деловни приходи | 5,099,402 | 5,255,172 | **103.05** |
| 3 Приходи по основ на камати | 488,790 | 524,331 | **107.27** |




1.1.1 Приходите остварени од продажба (основна и дополнителна дејност) според фактурираната реализација за третото тромесечие од 2025 година изнесуваат 54.412.653 денари и бележат зголемување од 5.73 % процентни поени во однос на истиот период од 2024 година кога изнесувале 51.462.304 денари.

1.1.2 Останати деловни приходи во третото тромесечие од 2025 година изнесуваат 5.255.172 денари и во однос на истиот период од 2024 година бележат зголемување од 3.05 процентни поени. Најголем дел од остварените останати деловни приходи отпаѓа на приход од донации во

износ од 4.172.663 денари, приход од издавање на деловен простор во износ од 206.100 денари.

1.1.3 Приходите по основ на камати се резултат на наплатена камата од правни и физички лица. Во третото тромесечие од 2025 година приходите по основ на камати изнесуваат 524.331 денари и во однос на истиот период од 2024 година – 488.790 денари бележат зголемување од 7.27 %.

## 1.2 РАСХОДИ

Остварените расходи во третото тромесечие од 2025 година изнесуваат 65.508.704 денари и споредени со остварените расходи за истиот период од 2024 година во износ од 60.738.511 денари се зголемени за 7.85 процентни поени.

| ОПИС | Остварено 2024 | Остварено 2025 | Процент |
|---|---|---|---|
| **Б. РАСХОДИ** | **60,738,511** | **65,508,704** | **107.85** |
| 1 Материјални трошоци | 9,829,022 | 7,114,746 | **72.39** |
| 2 Трошоци за вработени | 38,465,579 | 41,727,227 | **108.48** |
| 3 Амортизација | 4,429,979 | 4,548,520 | **102.68** |
| 4 Вредносно усогл.на кратк.средс. | 0 | 0 | **éДИВ/0!** |
| 5 Останати трошоци на работење | 7,767,798 | 10,540,871 | **135.70** |
| 6 Расходи по основ на камата | 246,133 | 1,577,340 | **640.85** |




1.2.1 Материјалните трошоци во третото тромесечие од 2025 година изнесуваат 7.114.746 денари и споредени со материјалните трошоци за

истиот период од 2025 година – 9.829.022 денари бележат намалување од 27.61%. Најголем дел од материјалните трошоци отпаѓа на потрошени материјали во износ од 611.816 денари (трошоци за хтз опрема – 79.028 денари, трошоци за канцелариски материјали – 136.747 денари, потрошен материјал и мазиво – 391.813 денари и потрошени средства за хигиена – 4.228 денари), електрична енергија во износ од 393.499 денари, потрошено гориво во износ од 2.881.844 денари, и резервни делови во износ од 1.987.651 денари. Остатокот од материјалните рошоци отпаѓа на отпис на ситен инвентар 338.210 денари, ПТТ трошоци 303.865 денари, услуги за одржување и заштита 289.478 денари, закупнина за деловен простор 127.812 денари, комунални услуги 74.369 денари и останати услуги 106.202 денари.

1.2.2 Трошоците за бруто плати на вработени во текот на третото тромесечиеод 2025 година изнесуваат 41.727.227 денари што споредено со трошоците за оваа намена остварени во истиот период од 2024 година во износ од 38.465.579 денари бележат зголемување 8.48 процентни поени. Зголемувањето е поради зголемувањето на минималната плата во месец Март 2025 година.

1.2.3 Трошоци за амортизација на основните средства во третото тромесечие од 2025 година изнесуваат 4.548.520 денари и истите бележат зголемување од 2,68 процентни поени во однос на истиот период од 2024 година кога изнесуваа 4.429.979 денари. Зголемувањето е поради набавени нови основни средства во текот на 2024 година.

1.2.5 Останатите трошоци на работењето во текот на третото тромесечие од 2025 година изнесуваат 10.540.581 денари што споредено со трошоците за оваа намена во истиот период од 2024 година во износ од 7.767.798 денари бележат зголемување од 35,70%. Останатите трошоци на работењето ги опфаќаат трошоците за испратнина на вработени по основ на пензионирање и вкалкулираните трошоци за регрес за годишен одмор за 2025 година во износ од 2.256.901 денари, трошоците за членови на управни и надзорни одбори во износ од 140,001 денари, трошоците за репрезентација во износ од 67.415 денари, трошоците за осигурување во износ од 77.736 денари, трошоците за банкарски услуги во износ од 98.876 денари, трошоците за административни такси, членарини и сл. во износ од 200.167 денари, останатите трошоци од работењето во износ од 7.381.439 денари (Нотарски и адвокатски трошоци – 404.610, трошоци за договор на дело 1.272.432 денари, трошоци за вработени преку агенција за вработување – 4.914.875 денари, и други услуги /трошоци за огласување, службен весник и сл./– 28.058).

1.2.6 Расходите по основ на камати, курсни разлики и слични расходи за третото тромесечие од 2025 година изнесуаат 1.577.340 денари и споредено со расходите по овој основ во истиот период од 2024 година во износ од 246.133 денари бележат зголемување. Износот за платени камати се однесува за платена камата кон УЈП.

## 4. АНАЛИЗА НА СРЕДСТВАТА И ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА)

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА
На 30.09.2025 година

| ОПИС | 30.09.2024 | 30.09.2025 | стр. 2024 | стр. 2025 | процент |
|---|---|---|---|---|---|
| АКТИВА | | | | | |
| **А.ПОБАРУВАЊА ЗА ЗАПИШАН А НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ** | | | | | |
| **Б.ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** | **111,448,814** | **99,367,336** | **29.16** | **25.75** | 89.16 |
| I.Нематеријални средства | 0 | 0 | | | 0.00 |
| II.Материјални средства | 110,911,954 | 98,830,476 | | | 89.11 |
| III.Финан.влож.Долгорочни | 536,860 | 536,860 | | | |
| **В.Тековни средства** | ***270,762,832*** | ***286,480,097*** | ***70.84*** | ***74.25*** | 105.80 |
| *I.Залихи* | *17,124,008* | *15,326,438* | *4.48* | *3.97* | 89.50 |
| *II.Побарувања - краткорочни* | *245,967,492* | *262,125,674* | *64.35* | *67.94* | 106.57 |
| 1,Побарувања од купувачи | 243,861,159 | 262,070,969 | | | 107.47 |
| 2,побарувања од поврзани субјекти | 0 | 0 | | | |
| 3,Останати побарувања | 43,791 | 54,705 | | | 124.92 |
| 4,Платени трошоци за идните периоди | 2,062,542 | 0 | | | 0.00 |
| *III.Финан.влож.Краткорочни* | *0* | *0* | *0.00* | *0.00* | éДИВ/0! |
| *IV.Парични средства и хартии од вредност* | *7,671,332* | *9,027,985* | *2.01* | *2.34* | 117.68 |
| **Г,Вкупна актива** | **382,211,646** | **385,847,433** | **100.00** | **100.00** | 100.95 |



| ОПИС | 30.09.2024 | 30.09.2025 | стр.2024 | стр.2025 | процент |
|---|---|---|---|---|---|
| ПАСИВА | | | | | |
| **А.КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | **16,168,913** | **-4,520,264** | 4.23 | -1.17 | -27.96 |
| I. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | 3,000,000 | 3,000,000 | | | 100.00 |
| II. ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ | 0 | 0 | | | 0.00 |
| III. РЕВАЛОРРИЗИРАНИ РЕЗЕРВИ | 277,684 | 277,684 | | | 100.00 |
| IV. РЕЗЕРВИ | 0 | 0 | | | ėДИВ/0! |
| V. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 16,579,244 | | 36.39 | 0.00 | 0.00 |
| VI. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | | -2,481,400 | | | 0.00 |
| VII. ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКА ГОДИНА | 0 | 0 | | | ėДИВ/0! |
| VIII. ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКА ГОДИНА | -3,688,015 | -5,316,548 | | | 0.00 |
| Б. РЕЗЕРВИРАЊА ЗА ОБВРСКИ И ТРОШОЦИ | 0 | 0 | | | 0.00 |
| **В.ОБВРСКИ СПРЕМА ДОВЕРИТЕЛИ** | **84,144,254** | **101,888,625** | 22.02 | 26.41 | 121.09 |
| 1, Обврски по заеми И кредити | 0 | 0 | | | |
| 2, Обврски за аванси, депозити И кауции | 0 | 0 | | | ėДИВ/0! |
| 3, Обврски спрема добавувачи | 38,589,733 | 44,617,369 | | | 115.62 |
| 4, Картк.обврс.спрема пов.субј. | | | | | ėДИВ/0! |
| 5, Останати обврски вклучувајќИ го И данокот И социјалното осигурување | 45,554,521 | 57,271,256 | | | 125.72 |
| Г. ОДЛОжЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ | 281898479 | 288479072 | 73.75 | 74.77 | 102.33 |
| **Д.ВКУПНА ПАСИВА** | **382,211,646** | **385,847,433** | 100.00 | 100.00 | 100.95 |



# 4.0 СРЕДСТВА – АКТИВА

## 4.1 ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА

I. **НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА**
II. **МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА**

Материјалните средства во третото тромесечие од 2025 година изнесуваат 98.830.476 денари и во однос на истиот период од 2024 година – 110.911.954 денари бележат намалување. Намалувањето на материјалните средства е резултат на пресметана амортизација.

Набавките на опремата во текот на годината се евидентираат по набавна врадност. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавената опрема зголемена за сите трошоци настанати до нивно ставање во употреба.

Амортизацијата се пресметува согласно Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата која ја содржи Номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки.

Амортизацијата се пресметува по пропорционална метода со примена на стапки со сметководствената политика во Претпријатието за намалување на вредноста на средствата до нивната преостаната вредност. Средствата се амортизираат од моментот кога се даваат на користење.

### *4.1.2 ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

### 4.1.2.1 ЗАЛИХИ

Залихите претпријатието ги вреднува по набавна цена, односно по цена на чинење, заедно со трошоците за нивна набавка, и се во износ од 15.326.438 денари и бележат намалување во однос на 2024 година износ од 17.124.008 денари.

### *4.1.2.2 ПОБАРУВАЊА ПО ОСНОВ НА ПРОДАЖБА*

Побарувањата по основ на продажба на крајот од извештајниот период изнесуваат 262.070.969 денари, што споредено со побарувањата по овој основ од претходниот период кога изнесуваат 243.861.159 денари покажуваат зголемување 7.47 процентни поени.

Побарувањата од купувачи во земјата се состојат од побарувања по основ на извршени услуги за собирање, транспортирање и депонирање на смет, побарувања по основ на одржување на јавно прометни и зеленоцветни површини, побарувања за извршени погребални услуги, побарувања за извршено хортикултурно уредување, продажба на дендро материал.

*4.1.2.3 ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА*

Другите краткорочни побарувања на крајот од извештајниот период изнесуваат 54.705 денари, што споредени со побарувањата по овој основ од претходниот период кои изнесуваат 43.791 денари покажуваат зголемување.

## 4.1.3 ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Парите и паричните еквиваленти вклучуваат пари во готово во благајна и депозити на сметки.

Вкупните парични средства на крајот од извештајниот период изнесуваат 9.027.985 денари.

## 4.2 ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА - ПАСИВА

*4.2.2.1 ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ*

Обврските спрема доверителите на крајот од извештајниот период изнесуваат 44.617.369 денари. Вкупните обврски споредени со обврските во истиот период од 2024 година износ од 38.589.733 денари бележат зголемување од 15,62% .

*4.2.2.2 ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ*

Останатите краткорочни обврски на крајот од извештајниот период изнесуваат 57.271.256 денари, што споредени со останатите краткорочни обврски за истиот период од 2024 година што изнесуваат 45.554.521 денари покажуваат зголемување од 25.72 процентни поени. Останатите краткорочни обврски ги опфаќаат обврските за Данок на додадена вредност, Данок на добивка, Обврските за плати и надоместоци на плата и др.

4.2.2.3 *ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ*

Одложеното плаќање на трошоци и приходи изнесуваат 288.479.072 денари и споредени со истите во 2024 година износ од 281.898.479 денари бележат зголемување.

### *4.2.3 КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ*

Капиталот и резервите на крајот од извештајниот период изнесуваат -4.520.264 денари.

Прилози:

- Биланс на успех за трето тромесечие од 2025 година
- Биланс на состојба со 30.09.2025 година
- Преглед на биланс на биланс на успех за трето тромесечие од 2025 година
- Преглед на биланс на состојба со 30,09,2025 година

ЈП "Чистота и зеленило"
Претседател на Управен одбор
Темелковска Весна

**ЈП "Чистота и зеленило"**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 30 Септември 2025**

| Опис на позицијата | 30.09.2024 | 30.09.2025 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 7,671,332 | 9,027,985 |
| Побарувања по основ на продажба | 243,861,159 | 262,070,969 |
| Побарувања од поврзани субјекти | | |
| Краткорочни финансиски вложувања | | |
| Други краткорочни побарувања | 43,791 | 54,705 |
| Платени трошоци за идните периоди | 2,062,542 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | |
| Залихи | 17,124,008 | 15,326,438 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | | |
| **Вкупно тековни средства** | **270,762,832** | **286,480,097** |
| | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 110,911,954 | 98,830,476 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 536,860 | 536,860 |
| **Вкупно нетековни средства** | **111,448,814** | **99,367,336** |
| **Вкупна актива** | **382,211,646** | **385,847,433** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски за хартии од вредност | | |
| Обврски спрема добавувачите | 38,589,733 | 44,617,369 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | | |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | | |
| Краткорочни обврски од финансирање | | |
| Останати краткорочни обврски | 45,554,521 | 57,271,256 |
| Одложени плаќања на трошоци | 281,898,479 | 288,479,072 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **366,042,733** | **390,367,697** |
| | | |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 0 | 0 |
| Долгорочни резервирања | 0 | 0 |
| | | |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 0 | 3,000,000 |
| Премии на емитирани акции | | |
| Ревалоризациона резерва | 277,684 | 277,684 |
| Резерви | 0 | 0 |
| Акумулирана добивка | 16,579,244 | 0 |
| Добивка за финансиска година | 0 | 0 |
| Пренесена загуба | 0 | -2,481,400 |
| Загуба за финансиска година | -3,688,015 | -5,316,548 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **13,168,913** | **-4,520,264** |
| **Вкупна пасива** | **379,211,646** | **385,847,433** |

**ЈП "Чистота и зеленило"**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА период 01.07.2024 - 30.09.2025 ГОДИНА**

| ОПИС | 01.07.-30.09.24 | 01.07.-30.09.25 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 51,462,304 | 54,412,653 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | | |
| Останати деловни приходи | 5,099,402 | 5,255,172 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **56,561,706** | **59,667,825** |
| Залиха на почетокот на периодот | - | - |
| Залиха на крајот на периодот | - | - |
| Материјални трошоци | 9,829,022 | 7,114,746 |
| Трошоци за бруто плати | 38,465,579 | 41,727,227 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 4,429,979 | 4,548,520 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | | |
| Резервирања за трошоци и ризици | | |
| Останати оперативни трошоци | 7,767,798 | 10,540,871 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **60,492,378** | **63,931,364** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 488,790 | 524,331 |
| Приходи од учества на вложувања | | |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 246,133 | 1,577,340 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(3,688,015)** | **(5,316,548)** |
| Вонредни приходи | - | - |
| Вонредни расходи | - | - |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(3,688,015)** | **(5,316,548)** |
| Резервации за трошоци | - | - |
| **Даноци и придонеси** | | |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(3,688,015)** | **(5,316,548)** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА
на 30,09,2025

| | АКТИВА | 30.09.2024 | 30.09.2025 | % |
|---|---|---|---|---|
| 100 | Жиро и тековни сметки | 6,801,645 | 8,226,771 | 20.95 |
| 102 | Благајна | 869,687 | 801,214 | -7.87 |
| 120 | Купувачи во земјата | 243,861,159 | 262,070,969 | 7.47 |
| 145 | Останати побарувања од вработени | 35,020 | 45,934 | 31.17 |
| 150 | Побарувања од осигурителни друштва | | | #DIV/0! |
| 158 | Останати побарувања | 8,771 | 8,771 | 0.00 |
| 190 | Активни временски разграничувања | 2,062,542 | 0 | -100.00 |
| 310 | Суровини и материјали на залиха | 7,595,148 | 5,194,622 | -31.61 |
| 320 | Резервни делови на залиха | 3,935,417 | 3,544,340 | -9.94 |
| 350 | Ситен инвентар на залиха | 596,579 | 416,323 | -30.21 |
| 351 | Ситен инвентар во употреба | 12,972,330 | 14,408,563 | 11.07 |
| 357 | Вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите | -12,972,330 | -14,408,563 | 11.07 |
| 660 | Залиха на саден материјал | 4,996,864 | 6,171,153 | 23.50 |
| 663 | Стоки во продавница | | | #DIV/0! |
| 664 | Вкалкулиран ДДВ | | | |
| 669 | Разлика во цени на стоките | | | #DIV/0! |
| 0030 | Софтвер | 700,181 | 700,181 | 0.00 |
| 010 | Земјишта и шуми | 1,495,178 | 1,495,178 | 0.00 |
| 011 | Градежни објекти | 26,551,154 | 26,551,154 | 0.00 |
| 023 | Алат, погонски и канцелариски инвентар, мебел и транспортни средства | 227,309,891 | 233,778,111 | 2.85 |
| 016 | Материјални средства во подготовка | 3,464,649 | 3,464,649 | 0.00 |
| 019 | Акумулирана амортизација на градежни објекти | -17,152,643 | -17,725,727 | 3.34 |
| 019 | Акумулирана амортизација на алат, погонски и канцелариски материјал, мебел и транспортни средства | -131,456,456 | -149,433,070 | 13.67 |
| 030 | Вложувања (во акции или удели) во поврзани субјекти | 536,860 | 536,860 | 0.00 |
| | ***ВКУПНА АКТИВА:*** | ***382,211,646*** | ***385,847,433*** | 0.95 |

| | ПАСИВА | 30.09.2024 | 30.09.2025 | |
|---|---|---|---|---|
| 218 | Останати обврски кон поврзани друштва | | | #DIV/0! |
| 220 | Обврски спрема добавувачи во земјата | 38,589,733 | 44,617,369 | 15.62 |
| 221 | Обврски спрема добавувачи во странство | | | |
| 223 | Примени краткорочни депозити и кауции | | | #DIV/0! |
| 230 | Обврски за данок на додадена вредност - тековни | 7,537,772 | 12,734,483 | 68.94 |
| 2309 | Обврски за данок на додадена вредност - одложени | 21,094,243 | 19,101,497 | -9.45 |
| 233 | Обврски за данок на добивка - тековни | 219,687 | 34,531 | -84.28 |
| 2339 | Обврски за данок на добивка - одложени | | | #DIV/0! |
| 234 | Обврски за даноци и придонеси на плата | 4,254,403 | 4,620,081 | 8.60 |
| 235 | Обврски за персонален данок на доход | 342,523 | 997,224 | 191.14 |
| 240 | Обврски за плата и надоместоци на плата | 9,830,547 | 11,125,610 | 13.17 |
| 242 | Останати обврски кон вработени | 2,100,441 | 8,241,425 | 292.37 |
| 251 | Останати краткорочни обврски | 174,905 | 416,405 | 138.07 |
| 290 | Пасивни временски разграничувања | 91,304,926 | 80,356,492 | -11.99 |
| 299 | Пасивни временски разграничувања | 190,593,553 | 208,122,580 | 9.20 |
| 900 до 9 | ***КАПИТАЛ*** | **3,000,000** | **3,000,000** | 0.00 |
| 920 | ***ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ*** | | | |
| 940 до 949 | ***РЕЗЕРВИ*** | **277,684** | **277,684** | 0.00 |
| 930 | ***РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА*** | | | #DIV/0! |
| 950 | ***АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА*** | **16,579,244** | | -100.00 |
| 951,275 | ***ДОБИВКА ЗА ТЕКОВНА ГОДИНА*** | **0** | | #DIV/0! |
| 960 | ***ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА*** | | **-2,481,400** | #DIV/0! |
| 961 | ***ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКА ГОДИНА*** | **-3,688,015** | **-5,316,548** | 44.16 |
| | ***ВКУПНА ПАСИВА:*** | ***382,211,646*** | ***385,847,433*** | 0.95 |

0

## ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

| | ***ПРИХОДИ*** | **01,07-30,09,2024** | **01,07-30,09,2025** | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 740 | Приходи од продажба на производи, стоки и услуги на домашен пазар | 51,462,304 | 54,412,653 | 5.73 |
| 779 | Останати неспомнати деловни приходи | 5,099,402 | 5,255,172 | 3.05 |
| 774 | Приходи по основ на камати, курсни разлики и слични приходи од работењето со поврзани субјекти | 488,790 | 524,331 | 7.27 |
| | ***РАСХОДИ*** | **01,07-30,09,2024** | **01,07-30,09,2025** | |
| 401 | Потрошени суровини и материјали | 3,052,211 | 611,816 | -79.95 |
| 403 | Потрошена енергија | 3,668,849 | 3,275,343 | -10.73 |
| 405 | Потрошени резервни делови | 1,453,602 | 1,987,651 | 36.74 |
| 408 | Отпис на ситен инвентар | 554,562 | 338,210 | -39.01 |
| 410 | Транспортни услуги | | | ёДИВ/0! |
| 411 | Поштенски услуги | 335,276 | 303,865 | -9.37 |
| 413 | Услуги за одржување и заштита | 406,472 | 289,478 | -28.78 |
| 414 | Наемнини - лизинг | 127,812 | 127,812 | 0.00 |
| 415 | Комунални услуги | 124,204 | 74,369 | -40.12 |
| 417 | Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми | 3,696 | 0 | -100.00 |
| 419 | Останати услуги | 102,338 | 106,202 | 3.78 |
| 421 | Бруто плата | 38,465,579 | 41,727,227 | 8.48 |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 2,033,333 | 2,256,901 | 11.00 |
| 432 | Трошоци за амортизација | 4,429,979 | 4,548,520 | 2.68 |
| 440 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | | | ёДИВ/0! |
| 441 | Трошоци за стручно образование | 11,000 | 0 | -100.00 |
| 442 | Трошоци за надомест на членови на УО и НО | 140,001 | 140,001 | 0.00 |
| 443 | Трошоци за спонзорства | | | ёДИВ/0! |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 66,559 | 67,415 | 1.29 |
| 445 | Трошоци за осигурување | 43,695 | 77,736 | 77.91 |
| 446 | Банкарски услуги | 91,664 | 95,876 | 4.60 |
| 447 | Други давачки, адм.такси и сл. | 74,890 | 200,167 | 167.28 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 5,240,393 | 7,381,439 | 40.86 |
| 455 | Вредносно усогласување на побарувања | 60,500 | 140,430 | 132.12 |
| 468 | Казни, пенали, надомест на штети и друго | 0 | 180,906 | ёДИВ/0! |
| 474 | Расходи од камати | 246,133 | 1,577,340 | 540.85 |
| 701 | Набавана вредност на продадени стоки | 5,763 | 0 | -100.00 |
| | | | | |
| | ***ВКУПНО ПРИХОДИ:*** | ***57,050,496*** | ***60,192,156*** | 5.51 |
| | ***ВКУПНО РАСХОДИ:*** | ***60,738,511*** | ***65,508,704*** | 7.85 |
| | Бруто добивка: | -3,688,015 | -5,316,548 | 44.16 |
| | Данок од добивка | | | |
| | Добивка по оданочување | -3,688,015 | -5,316,548 | 44.16 |